ПРОМЕДИКА

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ, ЖИВОТНА СРЕДИНА, ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА И ДОБРА ДИСТРИБУТИВНА ПРАКСА

Генералниот директор и врвното раководство, како и сите вработени во Промедика се посветени на градење и одржување на Политика на квалитет во компанијата со која се промовира целокупното работење засновано и фокусирано на квалитет според барањата на ISO 9001 стандардот како и грижа за животната средина преку енергетска ефикасност на објектите, управување на отпадите и уредност на работната средина во согласност со стандардот ISO 14001.

**Основните принципи на Политиката за квалитет се:**

- Политиката за квалитет во Промедика е имплементирана преку детален и сеопфатен Систем за обезбедување квалитет (Quality Management System). Нашите перформанси редовно се следат и редовно се разгледуваат со цел да се осигура дека нашите стандарди на работење ги исполнуваат барањата на пациентите, комитентите и добавувачите.
- Системот за обезбедување квалитет е во согласност со принципите на Добра Дистрибутивна Пракса и Добра Производна Пракса, со што се обезбедува квалитетот на производите да биде согласно овие директиви.
- Изборот на проверени добавувачи е битен дел од нашето работење, кој вклучува евалуација на можносите тие да одговорат на нашите барања за квалитет. На овој начин, ние во Промедика развиваме и постојано ја подобруваме нашата долгогодишна соработка со нашите добавувачи и постојано се трудиме да ги подобриме нашите процеси.
- Ги почитуваме и силно ги вреднуваме барањата на нашите клиенти преку создавање на услови за испорака на безбедни производи преку константно подобрување на Системот за обезбедување квалитет. Се стремиме за задоволство на пациентите и клинетите преку снабдување со производи кои се според највисоките пропишани барања за квалитет.
- Промедика ги следи и ги почитува сите законски регулативи, локалните и меѓународните конвенции, закони и препораки. На овој начин, склучуваме договори кои секогаш се почитуваат од страна на вработените и на сите чинители на процесите во нашата компанија.
- Преку разбирањето на квалитетот и одржувањето на висока стручност на вработените, се спроведуваат обуки на секое ниво во компанијата.
- Преку градење на култура на квалитет, Промедика се стреми кон освојување на нови пазари и привлекување на нови клиенти, се со цел да биде лидер на пазарот со снабдување со фармацевтски производи, медицински средства и потрошен материјал, стоматолошки и заботехнички материјали и опрема, кој што е еден од главните постулати на кои се темели работењето на нашата компанија.
- Промедика во своето работење има интегриран Систем за Заштита на Животната Средина (EMS) преку кој се грижи за здрава и чиста животна околина, заштита на средината преку систем за управувавување со отпад и се стреми кон намалување на користење на природните ресурси.
- Политиката за квалитет на Промедика редовно се разгледува и ажурира и е достапна на сите вработени и пошироката јавност.

Скопје, 25.09.2023

Директор: Маја Николовска

Друштво за трговија, производство ... ПРОМЕДИКА ДОО • Скопје •